ВРЕМЕ online
недела
08/08/2010
Време, број 2028, 29.07.2010

ЕК НА ЛЕТНИТЕ ЛИКОВНИ ДРУЖЕЊА
Македонија со најмногу колонии на Балканот

Ликовните колонии во Галичник, Кичево, Штип, колониите „Дебрца 2010“, „Балкан спирит“, „Вевчански видувања“, „Авторски низ појавното“ во манастирот „Св. Богородица“ во Преспа, се само некои од низата средби на уметниците, кои се одржуваат во текот на летово, што, според нив, ја прави Македонија земја со најголем број вакви случувања на Балканот. Уметниците велат дека за нив, покрај дружењето и меѓусебната размена на идеи и на информации, колониите се одлична можност за творење и тоа во природен амбиент. Тие најчесто се случуваат во близина на стари манастири, цркви, живописни географски предели (повеќето се сместени околу природните езера, реки или на некоја од планините), како и на прастари духовни пунктови. Уметникот Миле Ничевски смета дека колониите се како руини од некој антички духовен храм и дека се симпатичен остаток од претходниот систем, симбол на дружењето и на заедничкото творење на припадниците на уметничкиот еснаф на Македонија во рамките на поранешна Југославија. - Колониите ги доживувам како енергетски пунктови за размена на креативна енергија. Во принцип, секое излегување од самотијата на сликарското ателје е доволен повод и можност да запознаеш нови луѓе, да размениш енергија и идеи, моменти на интензивно дружење, заедничко творење. Секако, е и некаков вид работен одмор. Кога на тоа ќе се додадат и местата на случување, кои се прастари енергетски пунктови и пунктови на духовно дејствување, ете едно големо да за едно вакво, би рекол романтичарско, излегување надвор од студиото - вели Ничевски. Тоа што е заедничко за повеќето вакви манифестации во земјава е што имаат интернационален предзнак, иако се посиромашно организирани, а на нив најчесто се канат само блиски пријатели и колеги. Пошироката публика може да ужива во нив само преку изложбите на кои се претставуваат делата создадени на колониите. Културната манифестација „Авторски низ појавното“, која почнува денеска во преспанското село

Сливница, се обидува да ги надмине вообичаените концепти за ликовните колонии проширувајќи ја нивната идејна рамка и воведувајќи неколку новини. На манифестацијата, која годинава се одржува по четврти пат во организација на Велешкиот музеј и на неговиот директор Спасе Перовски, учествуваат автори од блиски, но и од различни области на дејствување. Па, така, покрај ликовни уметници, дел од годинешната манифестација се и историчар на уметност, филолог и етичар. - Целта е да се отиде, а не да се твори по секоја цена. Уметниците се повикани без да носат материјали за работа, туку преку постојаната комуникација и дружење и со самиот престој во природа да размислуваат за уметноста, за тоа што претставува таа, за македонскиот ликовен контекст, за односот уметност - критика и други прашања. Тоа е тоа што не привлече иако немаме навика да одиме на колонии - вели уметницата Слободанка Стевческа од уметничката група „ОПА“. Во „Авторски низ појавното 4“ учествуваат ликовните уметници Атанас Атанасоски, Ѓорѓи Крстески, Миле Ничевски, Слободанка Стевческа и Денис Сарагиновски од уметничката група „ОПА“, Станко Павлески, Спасе Перовски, филологот Роберт Алаѓозовски, етичарот Кирил Темков, историчарот на уметност Бранко Церовац од Риека, Хрватска.

Некогаш целта е собирање евтини дела

Домашните уметници велат дека во ситуација кога има голем број колонии секогаш се јавуваат и такви, чијашто основна идеја е да се оствари профит. Односно, целта на организаторот е обичен квантитет или набавка на уметнички дела по ниска цена. - Секако дека треба да се има селективен пристап при прифаќањето за учество на колонија. Лично, не учествувам на ликовни колонии каде што примарна цел е да се набаваат евтини дела или каде што сместувањето и односот кон авторите, воопшто, е на ниско ниво. Но, секако дека е сменет и контекстот на ликовните колонии денес и во денешниот систем. Но, сепак, остануваат како еден автентичен дел од уметничкото живеење кај нас. Тука се запознаваат, заедно работат, разменуваат искуства и енергија луѓе што не би ја имале таа можност - вели уметникот Миле Ничевски.

И.В.